ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ
СКОПЈЕ

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

# ПРОГРАМА

## За екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од I-IX одделение

## ООУ „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ"- СКОПЈЕ

## во учебната 2023/24 година



**април, 2023**

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ
СКОПЈЕ

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**План на ученичките екскурзии на ООУ „Александар Македонски"- Аеродром во учебната 2023/2024 година**

| Реализација | Одделение | Време на изведување | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет-Хиподром | I-IX | Септември | 736 |
| Еднодневен пролетен излет-Сарај | I-IX | Април | 736 |
| Еднодневна ексурзија-Кавадарци | III | Мај | 85 |
| Настава во природа-Охрид | V | Мај | 73 |
| Дводневна екскурзија-Источна Македонија | VI | Април | 84 |
| Тридневна екскурзија-Западна Македонија | IX | Октомври | 86 |

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ
СКОПЈЕ

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**Програма за организирање и реализирање на еднодневен излет во есен за учениците од I до IX одделение во учебната 2023-2024 година**

**Регион**: Скопски регион- Хиподром

**Време на реализација**: Месец септември

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- ✓ Да воспоставува, развива и негува пријателство низ заеднички прошетки, друштвени игри, рекреација и забава;
- ✓ да гради позитивен однос кон природата и ја почитува (користениот простор да остане чист и уреден);
- ✓ да ги прошири веќе стекнатите знаења за природните убавини на излетничко место Хиподром

**СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ:**

- ✓ Набљудение на околината на излетничкото место Хиподром;
- ✓ групни прошетки низ излетничкото место (ученици во придружба на наставници)
- ✓ рекреативни активности соодветни на возраста и интересот на учениците, со активно учество на наставниците по физичко и здравствено образование и одделенските раководители.
- ✓ одмор и релаксација со ужина и слушање музика.

**РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ:**

- ✓ Раководител на излетот: Михајло Христов-наставник;
- ✓ сите одделенски раководители и останати наставници;
- ✓ ученици од I до IX одд.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИЗЛЕТОТ:**

Во текот на еден работен ден.

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА:**

Непосредно по реализирањето на излетот, се дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на веб страната на училиштето, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.
Доколку при разгледување на извештајот за реализација на излетот се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ:**

Посета на место од скопскиот регион- Хиподром (излетничко место)

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

Излетот го организира ООУ „Александар Македонски" со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии,излети и другите вонучилишни активности со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија, составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 19 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Излетот го финансираат родителите на учениците.

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ
СКОПЈЕ

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**Програма за организирање и реализирање на еднодневен излет во пролет за учениците од I до IX одд. во учебната 2023-2024 година**

**Регион**: Скопски регион – Сарај

**Време на реализација**: Април 2024 година

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- ✓ Да воспоставува, развива и негува пријателство низ заеднички прошетки, друштвени игри, рекреација и забава;
- ✓ да гради позитивен однос кон природата и ја почитува (користениот простор да остане чист и уреден);
- ✓ да ги прошири веќе стекнатите знаења за природните убавини на Сарај

**СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ:**

- ✓ Набљудение на околината на излетничкото место Сарај;
- ✓ групни прошетки низ излетничкото место (ученици во придружба на наставници)
- ✓ рекреативни активности соодветни на возраста и интересот на учениците, со активно учество на наставниците по физичко и здравствено образование и одделенските раководители.
- ✓ одмор и релаксација со ужина и слушање музика.

**РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ:**

- ✓ Раководител на излетот: Михајло Христов-наставник;
- ✓ сите одделенски раководители и останати наставници;
- ✓ ученици од I до IX одд.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИЗЛЕТОТ:**

Во текот на еден работен ден.

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА:**

Непосредно по реализирањето на излетот, се дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на веб страната на училиштето, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

Доколку при разгледување на извештајот за реализација на излетот се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ:**

Посета на место од скопскиот регион- Сарај (излетничко место)

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

Излетот го организира ООУ „Александар Македонски" со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии,излети и другите вонучилишни активности со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија, составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 19 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Излетот го финансираат родителите на учениците.

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**Програма за организирање и реализирање на екскурзија за учениците од III одделение во учебната 2023/2024 година**

**Регион:** Кавадарци

**Време на реализација:** месец мај 2024 година.

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- Да развива љубов кон татковината и нејзиното културно-историско наследство, музеи и природни убавини од околината и градот Кавадарци;
- Да се запознае со локалитети и споменици од историското минато на античкиот град Стоби, Спомен костурница, спомен обележјето 12 Ваташки младинци;
- Да воочи дека треба рационално да се користат природните богатства за потребите на луѓето;
- Да развива почитување, грижа, пријателство кон другите, но и грижа и одроворност кон себе и околината.

**СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ:**

Проширување на знаења од природните и општествените науки преку разгледување, пртошетка, набљудување и дискусија за:

- Природни убавини на околината и градот Кавадарци;
- Историски локалитети и споменици од подалечното минато во регионот;
- Стари градби и архитектурата во околината и градот Кавадарци;
- Животот и работата на луѓето во околината и градот Кавадарци.

**РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ**

- Раководител на екскурзија: Елена Генџовска
- Одделенски наставници:

Елена Генџовска - одделенски наставник на III-2 одделение и раководител на екскурзијата

Софче Христовска- одделенски наставник на III-1 а одделение

Наташа Антеска- одделенски наставник на III-1 одделение

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
oоualeksandarmakedonski.edu.mk

Магдалена Дабиќ- одделенски наставник на III-2 одделение

Валентина Тодороска- одделенски наставник на III-3 одделение

Ленка Стојанова- одделенски наставник на III-3 одделение

- Ученици од III одделение

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**

Во текот на еден работен ден.

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА**

Непосредно по реализирањето на екскурзијата, се дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на веб страната на училиштето, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.
Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.
Доколку при разгледување на извештајот за реализација на екскурзијата се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

Правци на патување: Скопје – Велес – Градско - Возарци – Тиквешко - Кавадарци и назад.

Тргнување во 8 часот од пред училишниот двор. Попатно застанување и посета на античкиот град Стоби и ХЕЦ „Тиквеш".

Локации за посета:

- Прошетка низ градот Кавадарци;
- Прошетка низ градскиот парк со посета на Спомен костурницата;
- Посета на Музеј на град Кавадарци;
- Посета на спомен обележјето на 12 Ваташки младинци;
- Враќање за Скопје во 17 часот.

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

## ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Екскурзијата ја организира ООУ „Александар Македонски" со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии, со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весници. Постапката ја спроведува Комисија формирана со одлука на Училишниот одбор, составена од пет члена и тоа три члена од редот на Советот на родители од генерацијата на ученици за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците. Претседател на комисијата е еден член од членовите на комисијата од Советот на родители. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 19 од Правилникот за изведување на ученички ексурзии, излети и воннаставни активности. Училишниот одбор, во рок од пет работни денови, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците.

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**Програма за организирање и реализирање на настава во природа за учениците од V одделение во учебната 2023/2024 година**

**Регион:** Охрид-Западна Македонија

**Време на реализација:** Мај 2024 година

## ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

- да се запознаат со растителниот и животинскиот свет на Охридското Езеро
- да се запознаат со културното наследство и традициите во градот Охрид
- да секнат и развиваат позитивен однос кон зачувување на животната средина во езерото и неговото крајбрежје
- да се запознаат со верските и историските објекти во градот Охрид (цркви, манастири, стари градби)
- да се запознаат со природните убавини на Вевчанските извори
- да можат познатите техники за учење да ги применуваат во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, анализирање)
- да развиваат самостојност, трудољубивост, трпеливост, уредност, точност, одговорност, пријателство, толеранција, почитување на туѓиот труд, љубопитност, критичност

## СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ

При планирање и организирање на наставата во природа потребно е да се води сметка за опфаќање на обработените теми во петто одделение од деветгодишното образование, при што појдовна точка се природните науки, преку интегрирање на останатите предмети: македонски јазик, математика, ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование, историја и општество.

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**Распоред на часови:**

| **вторник** | **среда** | **четврток** |
|---|---|---|
| Македонски јазик | Македонски јазик | Математика |
| Математика | Математика | Македонски јазик |
| Физичко и здравствено образование | Слободен изборен предмет | Ликовно образование |
| Музичко образование | Историја и општество | |

**Напомена:** Часовите по природни науки, техничко образование и англиски јазик ќе се реализираат по враќање на учениците од настава во природа на дополнителна настава.

**Спорт:**

- Утринска гимнастика;
- Одење и пешачење во природа;
- Атлетски игри и натпревари;
- Спортски игри-фудбал, кошарка, народна топка и др.;
- Рекреативно-забавни игри.

**Забава и култура:**

- Формирање на одделни ученички групи: литературна, музичка, фолклорна, ликовна и др.
- Програма за вечерни активности,
- Пеење на изучени песни: детски, народни, забавни и др.
- Слушање (звуци и шумови)

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ**

- Александра Спирова, одд.раководител на V-1 одд.
- Елена Маневска,одд.раководител на V-2 одд.
- Андријана Ничевска, одд.раководител на V-3 одд и раководител на наставата во природа
- Ученици од V1, V-2, V-3 паралелките
- Лекар

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**

Наставата во природа се планира да се реализира 4 дена со 3 ноќевања во месец мај 2024 година.

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Непосредно по реализирањето на наставата во природа, се дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на веб страната на училиштето, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.
Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.
Доколку при разгледување на извештајот за реализација на наставата во природа се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

**ПРВ ДЕН**

- 08.00-Организирано тргнување од пред училиштето „Александар Македонски " релација Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Струга - Охрид.
- Попатна посета на Шарената Џамија, с. Вруток и изворот на реката Вардар и манастир ,,Св.Богородица" - Калишта и , Струга
- Пристигнување и сместување на учениците во локалитетот во попладневните часови. Одмор.
- Настава според распоредот што е даден

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

- Вечера
- Организирана забава и дружење на учениците.

**ВТОР ДЕН**

- Утринска гимнастика
- Појадок
- Прошетка и запознавање на градот Охрид, Охридската чаршија, Самуилова тврдина, Античкиот театар, Плаошник, Канео и стариот град(воочување на Охридската архитектура)
- Ручек. Попладневен одмор.
- Настава според распоредот што е даден.
- Вечера
- Натпревар за најубаво пеење.

**ТРЕТИ ДЕН**

- Утринска гимнастика
- Појадок
- Посета на Вевчани и Вевчанските извори
- Ручек. Попладневен одмор.
- Настава според распоредот што е даден.
- Вечера
- Вечер на маски.

**ЧЕТВРТИ ДЕН**

- Утринска гимнастика
- Појадок
- Слободни активности.
- Ручек и поаѓање за Скопје најдоцна до 12 часот. Релација Охрид – Кичево – Гостивар – Тетово - Скопје.
- Пристигнување во попладневните часови во Скопје пред ООУ „Александар Македонски", Аеродром, Скопје.

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
**АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ**
СКОПЈЕ

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**КУЌЕН РЕД – РАСПОРЕД НА ВРЕМЕТО**

1. Станување 07.30 часот
2. Лична хигиена и уредување на спалните 07:30 до 08:00
3. Утринска гимнастика 08:00 до 08:30
4. Подготовка за појадок 08:30 до 08:40
5. Појадок 08:40 до 09:10
6. Подготовка за предвидените посети 09:10 до 09:30
7. Во посета на предвидените места и културно историски споменици од 09:30 до 13:30
8. Подготовка за ручек 13:30 до 14:00
9. Ручек 14:00 до 15:00
10. Наставни активности по паралелки 15:00 до 16:45
11. Ужина 16.45 до 17.00
12. Попладневни содржини и подготовка за вечерни активности 17.00 до 18.30
13. Подготовка за вечера 18.30 до 19.00
14. Вечера 19.00 до 19.30
15. Вечерни содржини 20.30 до 22.00
16. Подготовка за спиење 22.00 до 22.20
17. Повечерје - спиење

**Прв ден**

**1.*Македонски јазик***

Цел: Да се оспособат да опишуваат пејсажи и објекти.

Содржина: Извештај од патувањето до градот Охрид.

**2.*Математика***

Цел: Да умее да прибира податоци и истите да ги претставува на линиски дијаграм.

Содржина: Цртање на линиски дијаграм. (прибирање и внесување на податоци ,,Што најмногу ми се допадна од попатната посетата?"

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**3. *Музичко образование***

Цел: Да се развива способност за слушање музика, да дискутира за впечатоците од музиката.

Содржина: Народна песна, слушање и пеење на песната ,,Билјана платно белеше"

***4. Физичко образование***

Цел: Изведува праволиниско водење на топка во одење и трчање.

Содржина: Фудбал - Водење на топка

**Втор ден**

**1. *Македонски јазик***

Цел: Прераскажува содржина на прочитан текст.

Содржина: Легенда за градот Охрид.

**2. *Математика***

Цел: Одговара на прашања за собирање,селекција и организирање на релевантни податоци, извлекува заклучоци и податоци од дијаграми и идентификува дополнителни прашања.

Содржина: Линиски дијаграми од секојдневниот живот кои прикажуваат постојани податоци.

***3. Слободен изборен предмет-Заштита на животната средина***

Цел: Заштита на природните извори на вода.

Содржина: Следење на презентација и дискусија за заштита на природните извори на вода.

**4. *Историја и општество***

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

Цел: Да ги познава најзначајните остатоци од материјалното и културното наследство на тлото на Р. С. Македонија.

Содржина: Посета на културни и верски објекти или археолошки наоѓалишта.

**Трети ден**

1. ***Математика***

Цел: Одговара на прашања за собирање, селекција и организирање на релевантни податоци. Извлекува заклучоци од сопствените и податоците на другите и идентификува дополнителни прашања.

Содржина: Учениците работат во парови или мали групи. Тие избираат карта по случаен избор која ќе им даде тема за истражување за температура на воздухот и на водата. Претставување на податоците во дијаграм.

2. ***Македонски јазик***

Цел: Да составува писмен текст по зададена тема.

Содржина: Самостојно творење вежби за самостојно пишување писмен состав по зададена тема „Убавините на мојот роден крај“.

***3. Ликовно образование***

Цел: Воочува и слика надворешен простор.

Содржина: - Ликовно творење и изложба на творбите на тема „Јас патувам“

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Наставата во природа ја организира ООУ „Александар Македонски“ од Аеродром, Скопје со барање за прибирање понуди за организирање настава во природа согласно член 19 од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии, излети и други вонаставни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Наставата во природа ја финансираат родителите на учениците.

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ
СКОПЈЕ

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**Програма за дводневна екскурзија за VI одделение во учебната 2023/2024 година**

**Регион**:Источна Македонија

**Време на реализација:** Април 2024 година.

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- ✓ Запознавање со убавините на Источна Македонија;
- ✓ Запознавање со значењето и убавината на локалитетот Стоби;
- ✓ Запознавање со работата на термоцентралата Неготино која претставува втор електроенергетски објект по големина со расположива производствена моќност;
- ✓ Запознавање со значењето на македонскиот средновековен православен христијански Манастир Свети Леонтиј и археолошко наоѓалиште кое се наоѓа во селото Водоча близу Струмица;
- ✓ Запознавање со културата, архитектурата на Кратово и начинот на живеење на луѓето во Кратово;
- ✓ Посета на Колешинските водопади и Дојран и развивање интерес кон природата и градење на еколошките навики.

**СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ**

Проширување на знаења по предметот географија, нашата татковина прекупосета, истражување и набљудување на:

- ✓ релјеф и клима на Република Македонија;
- ✓ природни езера-Дојранско Езеро;
- ✓ историски локалитети и споменици од подалечното минато;
- ✓ музеи;
- ✓ стари градови и градби-Водоча;
- ✓ .

**РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ**

- ✓ Татјана Ушинова-одделенски раководител на VI одделение и раководител на екскурзија;
- ✓ Тања Ивановска-одделенски раководител на VI одделение;
- ✓ Александра Ефремова-Наџинска, одделенски раководител на VI одделение;
- ✓ ученици од VI одделение

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**

Дводневна екскурзија со едно ноќевање (втората половина на  април 2024 година).

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА**

Непосредно по реализирањето на екскурзијата, се дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на веб страната на училиштето, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.
Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.
Доколку при разгледување на извештајот за реализација на екскурзијата се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

**1. ДЕН**

- ✓ Тргнување од Скопје  во 8 часот и попатно разгледување на Скопската Котлина;
- ✓ Посета на Стоби, разгледување на ТЕЦ Неготино,  посета на винаријата Попова Кула;
- ✓ Пристигнување во Дојран, разгледување на градот и Дојранско Езеро;
- ✓ Посета на манастирот  Водоча;
- ✓ Пристигнување во Струмица, сместување во хотелот во Струмица;
- ✓ Вечера, организирана забава и ноќевање.

**2. ДЕН**

- ✓ Појадок, посета на Колешински водопади;
- ✓ Тргнување од Струмица по ручекот,  пристигнување во  Кратово и разгледување на градот и специфичната архитектура;
- ✓ Пристигнување во Скопје во доцните  попладневни часови, не подоцна од 22 часот.

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Екскурзијата ја организира ООУ „Александар Македонски“ општина Аеродром-Скопје со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии, со објавување на јавен оглас во дневни весници.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на повеќе месечни рати во договор со агенцијата.

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

**Програма за тридневна екскурзија за учениците од IX одделение за учебната 2023/2024 година**

**Регион:** Западна Македонија

**Време на реализација:** Месец октомври

1. **ВОСПИТНО–ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

- да ги запознаат убавините на Западна Македонија;
- да се запознаат со Националниот парк „Маврово" и Бигорски манастир „Св. Јован Крстител", Дебар - Кањонот на Радика, Вевчани, Вевчански извори, Струга – Природнонаучен музеј; Охрид – Лихнидос, Стари град, Плаошник, Самоилова тврдина, Антички театар, црква „Св. Софија", црква „Св. Јован Богослов" - Канео, манастир „Св. Наум Охридски", Битола, Хераклеа, природно научен музеј во Битола,
- да се оспособат за набљудување, опишување, истражувачки активности и логичко мислење преку конкретни доживувања и искуства;
- да ја зајакнат самостојноста и самодовербата во планирањето, организирањето и реализирањето на разновидните активности;
- да воспостават, развиваат и негуваат пријателство;
- да го почитуваат природното, културното и историското наследство на Западна Македонија;
- да ја развиваат и негуваат еколошката свест;
- да се запознаат со културата и начинот на живеење на луѓето во Охридско-струшкиот регион, со природните убавини на планината Бистра како и живописните предели на Дебарскиот и Битолскиот регион.
- да изградат чувство на патриотизам, толеранција и соживот;
- да развиваат позитивен однос кон локалитетите од нашето минато-Плаошник, Самоилова тврдина, Антички театар, со нашето културно богатство: Шарена џамија во Тетово, Бигорски манастир „Св.Јован Крстител", Црква „Св. Софија", Црква „Св. Јован Богослов" – Канео во Охрид;
- да развијат интерес за природата и градење еколошки навики.

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

## 2. СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ

Проширување на знаења од природните и општествените науки преку запознавање, истражување, набљудување а:

- природните убавини на Западна Македонија;
- релјефот и климата на Западна Македонија;
- животот и работата на луѓето во Западна Македонија
  и посета на:

- историските локалитети и споменици од подалечното минато во регионот на западна Македонија;
- стари градби и архитектурата во Западна Македонија;

## 3. РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ

- Блага Велевска – раководител на екскурзијата и одделенски раководител на IX-1;
- Елена Михајлова - одделенски раководител на IX-2;
- Александар Темелковски- одделенски раководител на IX-3;
- ученици од IX одделение.

## 4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Тридневна екскурзија со две ноќевања.

## 5. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА

Непосредно по реализирањето на екскурзијата, се дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на веб страната на училиштето, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.

Доколку при разгледување на извештајот за реализација на екскурзијата се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

## 6. ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

- **Прв ден: Скопје – Маврово - Дебар – Вевчани - Струга - Охрид**

**07:00** Поаѓање пред училиштето,, Александар Македонски,,. Се патува кон Охрид преку Тетово, Гостивар, Дебар со попатно панорамско разгледување на

Националниот Парк ,,Маврово,, , посета на манастирот Св. Јован Бигорски, запознавање на учениците со историјата на манастирот.
**12:00** Поаѓање за Вевчани со попатен панорамски разглед на ХЕЦ Шпиље и кањонот на реката Радика.
**14:00** Пристигнување во Вевчани, разгледување на местото и Вевчанските извори.
**16:00** Пристигнување во Струга. Посета на природно-научниот музеј и вливот на реката Црни Дрим во Охридското езеро. Прошетка низ Струга.
**17:30** Поаѓање за Охрид. Пристигнување и сместување во хотел.
**19:00** Вечера ( пилешко со ориз, салата, леб, десерт)
**21:00** Забава – дискотека
**23:00** Ноќевање

- **Втор ден: Охрид**

**08:00** Појадок (јајце, сирење, путер, виршла, леб),
**09:00** Поаѓање за Св. Наум. Посета на манастирот, запознавање на учениците со историјата на манастирот, слободно време за прошетка, враќање во хотелот,
**13:00** Ручек (гулаш со пире, салата, леб, десерт),
**14:00** Разгледување на градот Охрид и неговите знаменитости: Антички театар, црквата Св.Софија, Самоиловата тврдина, Старата чаршија, црквата Св.Јован – Канео, црквата Св.Климент – Плаошник,
**19:00** Вечера (макарони со сирење и јајца, јогурт),
**20:00** Активности: Записник во дневникот на екскурзијата,
**21:00** Забава – дискотека,
**23:00** Ноќевање.

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

- **Трет ден: Охрид- Битола - Скопје**

**09:00** Појадок (пржени лепчиња со јогурт),
**10:00** Поаѓање за Битола, разгледување и прошетка низ градот, посета на Хераклеа и Природо-научниот музеј,
**14:30** Организиран ручек во Битола ( плескавица со помфрит или печен компир, салата, леб)
**16:00** Поаѓање за Скопје,
**19:00** Планирано пристигнување во Скопје пред училиштето.

7. **ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

Екскурзијата ја организира ООУ „Александар Македонски" со барање за прибирање понуди за организирање екскурзии, со објавување јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија, составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот одбор. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 19 од Правилникот за изведување ученички екскурзии, излети и вонnаставни активности. Училишниот одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

8. **НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците.

**Стручен тим за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од I-IX одделение:**

Маја Буклеска-директор
Марија Калешов-педагог
Блага Велевска-предметен наставник
Татјана Ушинова-предметен наставник
Елена Генџовска-одделенски наставник
Андријана Ничевска-одделенски наставник

Директор
Маја Буклеска
-----------------------------

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
**АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ**
СКОПЈЕ

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk